РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ОХРИД
Су - 04 бр.39 /21
13.12.2021 година
О Х Р И Д

**Врз основа на член 9 ст. 3, член 39 и член 40 од Законот за судска служба ("Сл. весник на Р.М." бр.43/14, 33/15, 98/15, и 6/2016, 198 /18 и број 248 /18), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. весник на Р.М." бр. 275/2020):**

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2021
## за унапредување на судски службеници во Основен суд Охрид

Се распишува Интерен оглас за унапредување на судски службеници за следните работни места:

1. **Ниво В1** шифра СУД0101В01002, **Судски советник** -1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен **– правен** факултет и положен правосуден испит

**Работно искуство** :
Најмалку три години работно искуство во струката, по дипломирањето

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата за работното место е во паричен нето износ од **31.000,00** денари

2. **Ниво Г1** шифра СУД0101Г01001, **Самостоен судски референт – извршител во судска писарница** -1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку више или средно образование

**Работно искуство** :
Најмалку три години работно искуство во струката, по дипломирањето

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата за работното место е во паричен нето износ од **24.000,00** денари

3. **Ниво Г2** шифра СУД0101Г02001, **Виш судски референт – извршител во судска писарница** -1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку више или средно образование

**Работно искуство** :
Најмалку две години работно искуство во струката, по дипломирањето

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата за работното место е во паричен нето износ од **23.000,00** денари

4. **Ниво В3** шифра СУД0101В03001, **Судски соработник** -2 извршители;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен **– правен** факултет и положен правосуден испит

**Работно искуство** :
Најмалку една година работно искуство во струката, по дипломирањето

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата за работното место е во паричен нето износ од 30.000,00 денари

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ОХРИД
Су - 04 бр.39 /21
13.12.2021 година
О Х Р И Д

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30 часот до 15:30 часот, од понеделник до петок .

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку приемната писарница на Основниот суд Охрид.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потвдри за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство
- доказ од последната оценка со која е оценет кандидатот

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**